**A. Потребна документација која крајниот корисник физичко лице ја доставува до банката при наплатите од странство:**

| Ред бр. | Вид на трансакција | Документ |
|---|---|---|
| **1.** | **Прилив по основ на ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ** | |
| | **- вложување на резиденти во странство** | |
| | - прилив на сметка на резидент од нерезидент по основ на дивиденди и други добивки од вложување на резиденти во странство<br>- повлекување на влогот на резидентот од странство (директни инвестиции) | Резидентот доставува:<br>- потврда од Централен регистар на Република Македонија за извршен упис во регистарот на директни инвестиции на резидентите во странство |
| **2.** | **Прилив по основ на НЕДВИЖНОСТИ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕЗИДЕНТ** | |
| | - прилив на сметка на резидент од нерезидент по основ продажба на недвижност во странство во сопственост на резидент<br>- прилив на сметка на резидент од нерезидент по основ доход од недвижност во странство во сопственост на резидент | Резидентот доставува:<br>- потврда од Централен регистар на Република Македонија за извршен упис во регистарот на недвижности на резиденти во странство |
| **3.** | **Прилив по основ наплата на главнина и камата по одобрени кредити на нерезиденти** | Резидентот доставува:<br>- кредитна пријава од Народна банка за кредитни работи кои се предмет на поединечно известување |
| **4.** | **Прилив на средства на физичко лице од сметка во странска банка во земјата каде имаат дозвола за престој** | Резидентот доставува:<br>- важечки документ за престој<br>(како важечки документ се смета визата евидентирана на патната исправа) |
| **5.** | **Прилив на средства на физичко лице од сметка во странска банка во земјата каде е издадена патната исправа** | Резидентот доставува:<br>- важечки документ за престој<br>(како важечки документ се смета важечка патна исправа со податоци за адресата на живеење во странство) |
| **6.** | **Прилив на средства на физичко лице од сметка во странска банка во земјата каде што е седиштето на надлежниот орган кој го издал документот за вработување, или негови организациони делови** | Резидентот доставува:<br>- важечки документ за работа во странство (како важечки документ се смета договор за работа склучен со странски работодавач или друг документ за вработување издаден од надлежен орган во странска држава во кои е наведен периодот на кој се однесува) |
| **7.** | **Прилив на средства на физичко лице од сметка во странска банка на негова сметка во домашна банка за комитенти кои имаат прилив** по основ на стекната лична пензија во странство, пензија од | Резидентот доставува:<br>- соодветна документација издадена од надлежен орган во странство за прием на лична пензија, пензија од починат брачен другар, социјална помош, детски додаток, школарина на дете поради починат родител |

| | | |
|---|---|---|
| | починат брачен другар, социјална помош, детски додаток, школарина на дете поради починат родител | |
| **8.** | **Прилив на средства на физичко лице од сметка во странска банка на негова сметка во домашна банка за комитенти кои имаат прилив** по основ на на исплата на премија/штета од осигурување живот | Резидентот доставува:<br>-Соодветна документација за премија/штета од осигурување на живот како и доказ дека договорот за осигурување не е склучен во спротивност со прописите во РМ( доказ дека физичкото лице во моментот на склучување на договорот имал статус на нерезидент во државата во која претстојувал) |
| **9.** | **Прилив на средства на физичко лице од сметка во странска банка на негова сметка во домашна банка за комитенти кои имаат прилив** по други основи | Резидентот доставува :<br>- Одобрение од НБРМ за отворање на сметки во странски банки<br>( Одобрение се издава по следниве основи: судска одлука, продажба на недвижен имот во странство, закуп на недвижен имот и сл.) |